

Внатрешното уредување ќе има модификации зашто новиот објект ќе функционира како спомен-куќа со музејски поставки и со простор за прием на посетители и за одржување разновидни културни настани. Куќата ќе биде изградена на 280 квадратни метри, на приземје и кат, и ќе биде енергетски ефикасен објект со хортикултурно уредена околина ...

- Куќата на еден од основачите на Македонската револуционерна организација Христо Татарчев во центарот на Ресен ќе биде изградена на местото каде што постоела и однадвор ќе го има автентичниот лик, а се очекува да биде готова и отворена во август идната година - соопшти денеска министерката за култура Елизабета Канческа-Милевска.







